# Клиниката за гинекологија и акушерство Вишеградска при клиничкиот центар Србија од 30.10.2016 до 25.11.2016

Дипл. Акушерка Виолета Новеска
ОБ Кичево

- Оваа клиника е најголема установа од овој вид во цела Србија, а во неа работи најголемото породилиште во балканот кое е основано во 1923 год а во сегашната зграда работи од 1963 год Секоја година во просек има околу 4700 вагинални породувања и 2100 породувања со царски рез или вкупно 6800. Од самиот почеток на работа на ова породилиште не се користи вакум екстрактор додека со помош на горцепс годишно има околу 20 породувања

- За време на мојот престој бев во приемна амбуланта на родилки во породилиштето и на пуерпериум. Има два шалтери еден за прием и друг за изпис.
- Во амбулантата се доаѓа од 36та гестациска недела еднаш неделно а од 40 та гн секоја ден и тука се земаат цервикални и вагинални брисеви вагинални прегледи ЦТГ и ЕХО. Од приемно трудниците кај кои ње започнато раѓањето се носат во породилиште каде се врши санитарен и административен прием. Има 11 родилни бокса а персоналот го сочинуваат во редовно работно време еден началник и уште 5 специјалисти акушери а во текот на дежурство има3 акушери  потоа вкупно 22 акушерки распоредени во смени главна сестра и една акушерка што ги обавува административните работи.

- Начинот на водење на породување е следниот:
- Трудницата од почетокот на раѓање до крај цело време лежи на родилниот стол прима 10% гликоза за да се освежи на почетокот често се дава амп.диазепам или долантин а по барање на трудницата може и епидурална анестезија. За да се забрза раѓањето се дава 5ие синтоцинон. Вагинални прегледи се вршат на секои 2 часа од страна на акушер а во меѓувреме по потреба ја прегледува акушерката. Многу се внимава при преглед задолжително да сее користи 7,5 повидон јод ако е прснат водењакот а вазелин при цел водењак како не ми се трауматизирале родилните патишта.

- . Епизиотомија прави акушерот аакушерката го завршува породувањето доколу нема потреба од апликација на форцепс. Постелката ја вади акушерката а акушерот проверува дали е цела и по потреба прави ревизија. За време на шиењето акушерката екартира и му помага на акушерот. После 2 часа родилката се носи на одделот за пуерпериум. Има три такви оддели секој по 32 кревети еден за здраво родилки втор за родилки со здравствени проблеми( дијабетичарки со хипертензија со проблеми со штитна жлезда и др) и третиот оддел за породени со царски рез

- Редовна пракса е вториот ден после породувањето кај секоја родилка се прави ехо преглед за да се види дали останале делови од постелката и доколку има да се прави инструментална ревизија. Исто така кај сите се прави вагинален преглед за да се провери да не има заборавена газа. Родилките се ипишуваат вториот или третиот ден после породувањето.

- На крај би сакала да го изкажам моето задоволство од престојот и едукацијата во оваа клиника . Најмногу ми се допадна нивната организација колегијалност големата самостојност на акушерката околу самиот чин на породување нивната стручност пријатната атмосфера и одлични услови за работа. Дел од нивниот начин на работа веќе почнавме да ги применуваме на нашето одделение а се со цел породувањето да го направиме што побезбедно побезболно и похумано.